# Информации за УЧЕНИЦИТЕ со ПОПРЕЧЕНОСТ



## YES ПРОГРАМАТА И ТИ

Во YES програтмата може да учествуваат сите ученици кои ги исполнуваат критериумите за подобност. Ова ги вклучува учениците со визуелна попреченост, со оштетен слух, моторни и други пречки во развојот. Од почетокот на програмата во 2003 година, повеќе од 190 ученици со попреченост учествувале во YES програмата.

Сите учесници во YES програмата имаат можност да стекнат поголемо искуство, да научат нови култури, да ги зголемат своите вештини и самодоверба, да стекнат нови јазични вештини, да ги прошират своите можности за кариера и многу повеќе. Учењето и живеењето во странство може да биде искуство што ќе го промени животот и порта за да станете независни и подобро способни да ги надминете пречките и предизвиците.

YES програмата не прави дискриминација поради физичка способност. Сè додека апликантот ги исполнува условите за возраст, одделение и државјанство за учество, таа или тој може да аплицираат за програмата. YES програмата може да прими апликанти со широк опсег на попречености. Материјалите за тестирање се достапни во различни формати кои овозможуваат секој да биде тестиран. Ве молиме контактирајте ја вашата локална канцеларија на Американските совети за да можеме најдобро да ги задоволиме вашите потреби.

## MIUSA ПРОГРАМАТА



Учениците со попреченост кои стануваат финалисти на YES програмата присуствуваат на еднонеделна работилница за вештини за независност во Орегон, во средината на август, пред да отпатуваат во нивните заедници домаќини во САД. Работилницата е организирана од Mobility International, САД (MIUSA, www.miusa.org), водечка организација за правата на лицата со попреченост во САД. Работилницата MIUSA ќе вклучува:

1. **Интерактивни сесии за животот во САД за лицата со попреченост, вклучувајќи права и можности во образованието и активностите во заедницата;**
2. **Активности за градење лидерски вештини, тимска работа и вештини за решавање проблеми; и**
3. **Акциско планирање за поставување и постигнување на краткорочни и долгорочни цели за времетраењето на YES програмата.**



*"Открив дека можам сосема сам да си ги правам сам своите работи. Бев среќен што дознав дека постои начин да се реши речиси сè што се случува во животот... Почитуван ученику на размена со каква било попреченост, биди со отворен ум и отворено срце и дојдете во Соединетите Американски Држави ако добиете шанса. Тоа ќе биде најдобрата лекција во вашиот живот и едно од најдобрите искуства што некогаш ќе го имате."* **- Џенана**

*"Преземањето ризици не е лесно, но ако не ризикувате, како ќе знаете што ве чека во животот? Не можете само да седите таму и да чекате нешто да се случи. Посакав да имам авантура и затоа аплицирав за YES програмата. Бев зачудена кога видов како сите ме прифаќаат таква каква што сум и не ме осудуваат. Моето мото кое ме одржуваше, дури и низ тешки ситуации, е „инвалидитетот е способност". Сите ние сме тука да си помагаме едни на други и без разлика на нашето потекло, нашата раса или нашата попреченост, ние сме обединети и ќе продолжиме да бидеме такви."* **– Станимира**

# НАЈЧЕСТО ПОСТАВУВАНИ ПРАШАЊА

## Голем број ученици аплицираат за YES програмата. Зошто воопшто да пробувам?

YES програмата секоја година прифаќа одреден број ученици со попреченост. Не е лесно да пробате нешто ново, особено нешто толку големо како да поминете една година далеку од семејството и пријателите. Врз основа на искуствата на алумните, вреди да се искористи шансата и да се даде се од себе.

## Кои се условите за возраст и година во средно училиште за учениците со попреченост?

Условите за возраст/година во средно училиште за ученици со попреченост може да се разликуваат од барањата на земјата за другите апликанти. Кандидатите треба да бидат:

1. **Родени од 15.02.2006 до 15.07.2009 година;**
2. **Мора да се запишани во средно училиште есента 2023 година;**
3. **Да бидат граѓани на земјата во која аплицираат.**

## Ако ми треба медицинска нега во САД, кој ќе плати за тоа?

YES програмата на сите финалисти им обезбедува програмско осигурување кое ги покрива медицинските итни случаи. Покрај тоа, програмата има дополнителни средства достапни за секој учесник со попреченост. Сепак, YES програмата не е програма за медицински третман и не предвидува консултации, третмани или операции.

## Потребно ми е посебно сместување за да полагам тестови на училиште. Може ли YES програмата да ми помогне?

Сите ученици кои аплицираат за YES програмата без разлика на физичката способност или попреченост поминуваат низ истиот процес на тестирање. Сепак, достапни се адаптирани тестови (брајово писмо, зголемено, итн.) кои може да се користат за да се овозможи секој да се тестира. Сè додека кандидатот е способен да комуницира на англиски јазик (говорен и писмен), YES програмата може да ги прими. Слободно контактирајте ја вашата локална канцеларија на YES за да добиете повеќе детали за тоа како можете да бидете сместени.

AC23DIS085











*"Мојата година на размена во САД како лице со попреченост беше искуство што ми го промени животот. Стекнав пријатели најбрзо што можев и тоа ми даде храброст да истражувам повеќе. Едно право во кое уживав... еднаквост и пристапност до јавни или приватни места. Во САД секому му е дадена можност да ги прави работите сам. Како спорт...имав можност да играм кошарка со инвалидска количка."* **- Марк**

*"Советот што би го дал на средношколците кои размислуваат да се пријават во YES програмата за размена е: „Верувај во себе. Можете да ја надминете секоја пречка. Вашата попреченост е ваша моќ. Вие и вашето семејство можеби се грижите да поминете една година во непозната култура, но не им сметате на разликите. Само пуштете го. За време на вашата година на размена, ќе научите дека разликите се боите на животот."*

**- Никола**

Kennedy-Lugar YES Youth Exchange and Study

AMERICAN COUNCILS FOR INTERNATIONAL EDUCATION